Водич за примена на

# ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО МЕДИУМСКАТА РАБОТА



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

MEDIUM

Институт за човекови права

**Наслов:**
Водич за примена на пристапот заснован на човекови права
во медиумската работа

**Издавач:**
Институт за човекови права

**За издавачот:**
Маргарита Цаца Николовска

**Уредник:**
д-р Весна Стефановска

**Автори:**
Манчо Митевски
Мартина Смилевска-Кчева

**Лектура:**
Татјана Стојановска

**Графички дизајн:**
Бисера Атанасовска

**Печатење:**
Аркус дизајн

**Тираж:**
100 примероци

***Скопје, 2023 година***

*Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Институтот за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

*CIP - Каталогизација во публикација*

*Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје*

*342.72/.73:316.774(036)*

*342.72/.73:316.774(497.7)(047.31)*

*МИТЕВСКИ, Манчо*

*Водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумската работа / Манчо Митевски Мартина Смилевска-Кчева. - Текст во пдф формат, содржи 30 стр. - Скопје : Институт за човекови права, 2023*

*Начин на пристапување (URL): https://ihr.org.mk/mk/publikacii. - Фусноти кон текстот. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 16.10.2023 год.*

*ISBN 978-608-5032-02-0*

*1. Смилевска-Кчева, Мартина [автор]*

*а) Човекови права -- Медиумско известување -- Водичи б) Човекови права -- Медиумско известување -- Македонија – Истражувања*

***COBISS.MK-ID 61934085***

# Содржина


**ВОВЕД** ........ **5**

**1. ПРИСТАП ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА** ........ **7**

Што се подразбира под „пристап заснован на човекови права“? ........ **7**

Зошто „пристапот заснован на човекови права“ е важен за медиумите? ........ **8**

**2. ПРИСТАПОТ И ПРИНЦИПИТЕ ЗАСНОВАНИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ, НИЗ ПРИМЕРИ** ........ **11**

Почитување на човековото достоинство ........ **11**

Слобода на изразување ........ **11**

Точност и правичност ........ **12**

„Информирана“ согласност (Informed consent) ........ **13**

Приватност и доверливост ........ **13**

Недискриминација и инклузивност ........ **14**

Известување за чувствителни прашања ........ **14**

Одговорност и транспарентност ........ **15**

Пристап до информации ........ **15**

Етичка употреба на технологијата ........ 16

**3. МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО: СОСТОЈБИ, ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ** ........ **17**

**4. ВЛИЈАНИЕ И РЕЛЕВАНТНОСТ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ** ........ **21**

**5. ПРИМЕРИ ЗА КРШЕЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА КАЈ НАС** ........ **23**

**6. ПАТОКАЗИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НОВИНАРИТЕ ВООПШТО, КАКО И ВО КОНТЕКСТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА** ........ **26**

# ВОВЕД

Водичов за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумското работење треба да послужи како корисна алатка и насока за вклучување на принципите на човековите права при информирањето на јавноста. Цел на Водичов е да послужи како објаснувачки инструмент за надминување на оној вид информирање, кое завлегува во сферите на стереотипи и предрасуди кон одредени групи, вклучувајќи жени, деца, повозрасни лица, лица со посебни потреби, етничко-јазични и религиозни малцинства и кон бегалци. Затоа, секоја вест и информација, особено од оваа сфера, треба темелно да се истражи, да се провери и професионално да се напише.

Во принцип, Водичов има намена да објасни дека фокусот на медиумското известување треба да се стави на сржта на проблемот и да ја истакне улогата на државата како носител на должности кој има обврска да обезбеди остварување на правата. Идејата е да се потенцира дека секоја информативна, истражувачка или друг вид статија треба да одговори на главните прашања: Што се случило со луѓето или со општествената групација кои се во фокусот на известувањето, кои се и дали се нарушени нивните основни човекови права и кои се обврските на државата? Медиумите и новинарите, заедно со институциите и со невладиниот сектор, ја имаат моќта, инструментите и влијанието врз јавноста да започнат со промоција на култура на пристапот, заснован на човекови права. Секако, откако ќе манифестираат волја, тој пристап да го имплементираат кај себе и во својата работа.

Македонското новинарство и медиумите се во сериозна криза. Не се мисли само на финансиската, туку и на кризата во уредувачката политика, на професионалните стандарди, етиката и поврзаноста со политичките и со бизнис-центрите на моќ. Во содржините на некои медиуми, од најразлични причини, се употребуваат стереотипи и предрасуди и сериозно се прекршуваат човековите права на поединци, но и на цели социјални групи. Новинарите сакаат да бидат читани и слушани, но, во релативно голем број, самите тие не сакаат многу да читаат, да слушаат и да аргументираат, посебно оние кои се занимаваат со политичко новинарство. Резултат од тоа е падот на довербата во медиумите – како кај електронските, така и кај печатените, сè помалата гледаност, читаност, отсуството на реклами, како и недостигот од сериозни авторски продукции, написи и истражувања.

Клучен проблем во медиумската сфера во земјава е како да се мотивираат новинарите - во услови на опаднат углед и доверба кај јавноста, ниски плати, мали можности за напредување во кариерата, притисоци, како и мобинг од сопствениците и уредниците во некои медиуми и агресивноста на политичките партии – да работат посветено, професионално и одговорно? Бидејќи новинарската фела, здруженијата,

синдикатите, власта, но и општеството, не можат да ги решат овие проблеми, најдобрите новинари ја напуштаат професијата и заминуваат во бизнисот или во државните институции.

За да се разбере Водичов и за да биде ефективен неопходно е да се потенцира дека во актуелниве глобални процеси и настани во светот, кои имаат свои рефлексии и кај нас, карактеристични по големите поделби во општествата, политичките, безбедносните, економските, социјалните, мигрантските кризи, падот на етичките стандарди, лажните вести и особено сè поголемиот недостиг на емпатија создадоа многу голем и опасен нузпроизвод, кој го воочија и релевантни светски организации кои се занимаваат со човекови права, а тоа е сé поизразената загрозеност на поединечните човекови права. Затоа многу логична е релацијата меѓу светот, како „глобално село“, и нашата земја, како „локално село“, односно меѓу светското и македонското новинарство. Во овој контекст може да се гледа оправданоста на еколошката максима „мисли глобално, дејствувај локално“, бидејќи информирањето и екологијата имаат сличен заеднички именител. Имено, додека екологијата се занимава со навремено информирање и предупредување за потребата од заштита на човековата околина, медиумите се занимаваат со навремено информирање и предупредување за она што се случува во светот, со цел да се заштитат општествата, државите и граѓаните од некои опасности и ретроградни процеси, и, што е поважно, да добијат точна и вистинска информација, бидејќи тоа е едно од најзначајните човекови права од кое зависат постапките и одлуките на секој поединец.

Новинарите и медиумите, секојдневно, во обработка на која било тема од општествениот живот и случувања, на некој начин, повеќе или помалку, допираат некое човеково право. Затоа, новинарството е многу сензитивна, воедно и одговорна професија, која, ако се сака да биде професионално и чесно извршена, бара многу познавања од најразлични сфери и проблематики, за да не се повреди, односно да се испочитува секое и сечие човеково право.

# 1.
# ПРИСТАП ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ШТО СЕ ПОДРАЗБИРА ПОД „ПРИСТАП ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА“?

Организацијата на Обединети нации (ООН) го дефинира пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП) како *концептуална рамка во процесот на човековиот развој, која нормативно се заснова на меѓународните стандарди за човекови права и оперативно е насочена кон нивно промовирање и заштита.*[1] Тој е методолошка алатка која има за цел да ги операционализира обврските што произлегуваат од инструментите за човековите права[2] во конкретни резултати, а со тоа и да обезбеди систематско вклучување и зајакнување на најранливите категории.

Преку примена на ПЗЧП во креирањето на јавните политики и во развојните програми се менува фокусот - од задоволување на потребите, кон остварување на правата. **Тоа значи дека луѓето не се пасивни корисници на услугите, туку се носители на права[3], и истите можат да бараат реализација и заштита на своите права од носителите на должности[4], кои пак, треба да обезбедат нивно остварување.** Оттука, ПЗЧП е наменет да им користи на сите граѓани, но бара приоритетно дејствување за најранливите категории, бидејќи нивните човекови права најчесто се негираат или остануваат неисполнети.

Пристапот заснован на човекови права е поткрепен со пет клучни принципи за човековите права:

**Партиципативност (учество)** - секој има право на активно учество во процесите на донесување одлуки што влијаат на уживањето на неговите права.

1 “Frequently Asked Questions on a Human Rights-based Approach to Development Cooperation”, Office of the United Nations High Commissioner for Human Rights, стр.15, достапно на: ***https://www.ohchr.org/Documents/Publications/FAQen.pdf***

2 The Core International Human Rights Instruments and their monitoring bodies, OHCHR, достапно на: ***https://www.ohchr.org/en/core-international-human-rights-instruments-and-their-monitoring-bodies***

3 Носители на права се сите луѓе, согласно со Универзалната декларација за човекови права.

4 „Носители на должности се оние лица кои имаат конкретна обврска или должност да ги почитуваат, заштитуваат, унапредуваат и исполнуваат човековите права и да се воздржат од повреди на човековите права“. Повеќе за оваа тема во Прирачник за примена на пристапот заснован на човекови права, од Гоце Коцевски, Маја Атанасова, Натали Петровска, Дарко Аврамовски, Ена Бендевска, Маја Стојаноска, Институт за човекови права, достапен на: ***https://bit.ly/3HdRo1v***

**Отчетност (одговорност)** - носителите на должност одговараат за неисполнување на своите обврски кон носителите на правата, преку постоење и употреба на ефективни правни лекови кога ќе се случи кршење на човековите права.

**Недискриминација и еднаквост** - сите лица се носители на свои права, без дискриминација од каков било вид. Треба да бидат забранети, спречени и елиминирани сите видови дискриминација.

**Овластување** - секој има право да бара и да ги остварува своите права. Поединците и заедниците треба да ги разберат своите права и да учествуваат во развојот на политиките што влијаат на нивните животи.

**Законитост** - постапувањето треба да биде во согласност со законските права, утврдени во домашните и во меѓународните закони.

Со оглед на фактот дека пристапот заснован на човекови права има за цел да ги обезбеди политиките, проектите и програмите кои треба да се засноваат на меѓународните стандарди за човекови права и да има силен фокус на обесправените[5], тој наоѓа примена во различни сектори. ПЗЧП е незаменлива алатка во креирањето не само на јавните политики на државите, туку и на развојните програми на меѓународните организации и стратешките планови и политики на граѓанските организации.

## ЗОШТО „ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА“ Е ВАЖЕН ЗА МЕДИУМИТЕ?

Пристапот заснован на човекови права е од суштинско значење за медиумите бидејќи ги поддржува принципите на **достоинство, еднаквост и правда**. Неговото користење (и правилно спроведување) во новинарската работа има капацитет да ги вклучи, зајакне и промовира правата на поединците, да го формира јавното мислење и да промовира етичко известување, притоа придонесувајќи кон поинклузивно и праведно општество кое ги почитува правата на сите. Преку примената на ПЗЧП во новинарското известување граѓаните се информираат за вистинските проблеми во општеството - за кршењето на правата и за можностите за нивно решавање. Успешно применет во новинарското известување, ПЗЧП ја подига свеста на граѓаните и им покажува како проактивно да ги бараат и да ги остваруваат своите права.

5 Universal Values, Principle One: Human Rights-Based Approach, UN Sustainable Development Group, достапно на: *https://unsdg.un.org/2030-agenda/universal-values/human-rights-based-approach*

Подетално, употребата на пристапот заснован на човекови права во медиумското известување овозможува:

**Заштита на индивидуалните права**

Примената на ПЗЧП гарантира дека медиумското известување ги почитува и ги штити основните права на поединците, го промовира правото на слобода на изразување, пристапот до информации, приватноста и недискриминацијата. Придржувајќи се до овие принципи, медиумите придонесуваат за градење општество кое ги разбира, цени и штити човековите права.

**Промовирање на социјалната правда**

Медиумското известување игра клучна улога во разоткривањето на кршењето на човековите права, социјалните неправди и нееднаквостите. Со усвојување на пристапот заснован на човековите права новинарите можат да ги расветлат овие прашања, да ја подигнат свеста и да поттикнат јавна дискусија и акција. Како резултат на ова може да дојде до позитивни промени, одговорност и потрага по правда.

**Засилување на гласот на маргинализираните**

Медиумското известување, кое го инкорпорира ПЗЧП, се стреми да претстави различни перспективи и да ги засили гласовите на маргинализираните заедници. Тоа помага во борбата против системски вкоренетите предрасуди и дискриминација, овозможувајќи да се слушнат гласовите на засегнатите и придонесувајќи за поинклузивно и подемократско општество.

**Повикување одговорност**

Новинарството има моќ да ги повика на одговорност носителите на власта. Со фокусирање на човековите права медиумското известување може да ги открие злоупотребите на моќта, корупцијата и неправдите извршени од државни и недржавни актери. Тоа ги зајакнува поединците и заедниците, давајќи им платформа на која ќе можат да ги споделат своите приказни и да бараат исправка и правда.

### Етичко и одговорно известување

Пристапот заснован на човекови права гарантира дека медиумското известување се води на етички и одговорен начин. Тој бара од новинарите да ги проверуваат фактите, да известуваат точно и да избегнуваат сензационализам, стереотипи и дискриминација. Ваквото известување гради доверба и го одржува интегритетот на новинарската професија.

### Обликување информирано јавно мислење

Медиумското известување влијае на јавното мислење и ги обликува општествените ставови. Пристапот заснован на човекови права гарантира дека презентираните информации се точни, избалансирани и ги почитуваат правата и достоинството на поединците. Тоа помага да се поттикне информирана јавна дискусија и критичко размислување, а тие се од суштинско значење за функционалната демократија.

# 2.

# ПРИСТАПОТ И ПРИНЦИПИТЕ ЗАСНОВАНИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ, НИЗ ПРИМЕРИ

## ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО

При формирање на приказните и на известувањето, новинарите треба да се однесуваат кон сите поединци со почит и достоинство, без оглед на нивното потекло, верувања или околности. Пред сè треба да избегнуваат сензационализам, дискриминација и стереотипи во известувањето.

***Пример:*** Во 2011 година, македонски политичар, во присуство на одредени медиуми и камери (кои претходно биле известени за апсењето), беше уапсен пред WC, на паркинг од познат скопски ресторан. Со цел да се создаде перцепција за изборна корупција, при неговото апсење беа расфрлани пари, кои биле најдени кај осомничениот. Некои медиуми, наместо професионално да известат и да му ги заштитат човековите права на осомничениот, ги прикажаа снимките од апсењето, се потсмеваа со него и дополнително го клеветеа. Медиумите треба да известуваат за настани од јавен интерес (како полициски акции и судски постапки), но имаат и обврска да ги почитуваат правата на осомничените или обвинетите. Меѓу најзначајните обврски на медиумите, при вакво известување, е да се почитува правото на пресумпција на невиност и да се заштити идентитетот на осомничениот или обвинетиот, при што ќе се презентираат факти за случајот/настанот професионално и непристрасно. На пример, во медиумското известување треба да се користат иницијали, наместо целосното име и презиме на осомничениот или обвинетиот и да не се прикажува нивниот лик.

## СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Новинарите и медиумите треба да го заштитат правото на слобода на изразување, како за себе како новинари, така и за луѓето што ги интервјуираат или ги прикажуваат во известувањето. При тоа треба да настојуваат да ги прикажат различните перспективи и да им дозволат на поединците да го изразат своето мислење.

***Пример:*** Во актуелново македонско новинарство преовладува практиката да се повикуваат на дијалог две индивидуи, најчесто со спротивставени ставови, со цел да се прикаже балансирањето на ставовите. Најчесто говорниците, заедно со водителот, не му дозволуваат на другиот, кој мисли поинаку од нив, да се искаже. Практично, го масакрираат со неаргументирани тези, па некои од соговорниците, не сакајќи да се спуштат кон наведуваното ниво, едноставно замолчуваат.

Секој новинар има обврска да ја почитува слободата на изразување на лицата што ги интервјуира. Тоа може да го направи преку давање простор на соговорникот да се искаже, како и преку поставување прашања кои го поттикнуваат соговорникот да го аргументира и да го објасни својот став. Доколку се работи за дебатна емисија со повеќе соговорници, новинарот треба да се погрижи за почитување на етичките стандарди и пропорционално да остави доволно време секој од соговорниците да го искаже својот став, но притоа и да спречи вербални напади или несоодветен говор. Дополнително, новинарите треба да избегнуваат насочувачки прашања, особено кога интервјуираат лица од ранливи категории.

## ТОЧНОСТ И ПРАВИЧНОСТ

Новинарите и медиумите треба да се стремат кон што поголема точност и правичност во известувањето. Секогаш треба да ги потврдат фактите, да ги проверат информациите и да прикажат избалансиран поглед на темата и да се погрижат и изворите да им бидат сигурни и разновидни.

***Пример:*** Минатата година, на граничен премин, во шпицот на летните одмори, новинар се јавува директно од местото на настанот и драматично најавува километарски колони, како и дека се чека три до четири часа. Притоа самиот се прашува дали ова чекање е резултат на процесот „Отворен Балкан“!? Соговорниците го демантираат, кажувајќи дека чекаат час, два, но никој не вели дека станува збор за чекање од три-четири часа. Ретко кому од годишноодморците (претежно странци и граѓани од Србија) во тој момент му е важен „Отворен Балкан“, па даваат нелогични одговори на ова сугерирано прашање, кое новинарот го заокружува со својот став дека овој регионален проект нема да подобри ништо за граѓаните.

Новинарското известување треба да цели кон прикажување избалансиран поглед на темата, а притоа да се доближи, колку што е можно повеќе, до вистината. Треба да се избегнува известување на кое единствена цел му е да промовира одреден став.

## „ИНФОРМИРАНА“ СОГЛАСНОСТ (INFORMED CONSENT)

Новинарите и медиумите треба да бараат согласност од лицата кои ги интервјуираат или кои ги користат за приказната пред да ги објават нивните лични информации или слики. Но, тоа не е доволно, особено кога таа согласност е добиена врз база на нецелосни или невистинити информации. За едно лице да може да даде „информирана“ согласност, новинарот мора да му објасни на кој начин и за која цел ќе се искористи разговорот со нив пред да побара согласност.

***Пример:*** Еден од проблемите на македонското телевизиско новинарство е кога се кажува една тема за соговорниците, посебно за случајно анкетираните, за потоа, врз база на два-три одговори, да се извлекуваат глобални заклучоци и перцепции за друга тема. Интервјуираните, односно анкетираните, кога ќе видат дека се изманипулирани, се чувствуваат измамени, но сфаќаат дека веќе е доцна и дека не можат ништо да сторат. При анкетирањето граѓаните треба да се известат за целта на анкетата и за тоа каде и кога ќе биде прикажана.

Новинарите треба да поставуваат концизни прашања кои не се наведувачки или двосмислени. Доколку се прикажуваат инсерти од спроведени анкети, треба да се внимава одговорите да бидат целосно прикажани. Доколку се прави анализа на дадените одговори треба да се земат предвид сите учесници во анкетата, како оние кои дале, така и оние кои одбиле да дадат одговор.

## ПРИВАТНОСТ И ДОВЕРЛИВОСТ

Новинарите и медиумите треба да го почитуваат правото на приватност на поединците и да ја одржуваат доверливоста кога тоа е потребно. Треба да добијат согласност од нив пред да им ги објават личните податоци и да го заштитат идентитетот на ранливите извори или на оние кои се изложени на ризик.

***Пример:*** Во принцип, медиумите се воздржуваат од објавување приватни состојби или извори на доверливи информации, па се вадат, на пример, со флоскулата од типот, „ни фрлија документи во двор“. Но, има и медиуми, како и новинари, кои не се воздржуваат, без согласност или со разни марифетлуци, да објават податоци и идентитети на ранливи лица или на лица изложени на ризик, иако им ветиле целосна дискреција. Со ова, новинарите дополнително ги изложуваат овие лица на ризик и ги обесхрабруваат граѓаните во иднина да соработуваат со нив.

## НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ИНКЛУЗИВНОСТ

Новинарите и медиумите треба да избегнуваат дискриминаторски јазик, пристрасност или стереотипи засновани на фактори како што се раса, етничка припадност, пол, религија или социјален статус. Тие треба да промовираат инклузивност и да претставуваат различни гласови и перспективи во нивното известување.

***Пример:*** Во 2018 година, во Тимјаник, Неготинско, власта најави отворање мал, групен дом за деца со посебни потреби од Специјалниот завод во Демир Капија. Жителите десетина дена протестираа против отворањето на Домот, со мотивација дека ним им е потребна градинка, а не таков дом, но и со стереотип и предрасуда дека се плашат дека нивните деца „од нормални ќе станат ненормални“!? По низа разговори и објаснувања, сепак, малиот групен дом беше отворен, со поддршка и на жителите на Тимјаник. Медиумите, во првите моменти, не се снајдоа, тие само информираа што се случува, но набрзо одиграа клучна позитивна улога, со објаснувања и поддршка на овој хуман проект.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЧУВСТВИТЕЛНИ ПРАШАЊА

При известување за чувствителни прашања новинарите и медиумите треба да се обидат да известуваат со емпатија и грижа, да обезбедат соодветни предупредувања и пред сѐ, да размислат за потенцијалното влијание врз вклучените поединци и пошироката заедница.

***Пример:*** До Советот за етика во медиумите на Македонија, во јуни 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства и „КВИР ЦЕНТАР-от“ поднеле жалба за објавена изјава во портал. Во жалбата се наведува дека во објавената изјава, како и во емисијата (интервју со свештеното лице) се изнесуваат навреди и лаги на сметка на ЛГБТ заедницата и се шири говор на омраза кон оваа заедница, особено со исказот: „Помине ли овој закон, првото нешто по него е истополови бракови, па посвојување деца, легализација на педофилија… Во нивната идеологија пишува дека се прифатливи сите сексуални стилови, вклучувајќи ја и педофилијата…”[6]. Извадокот од интервјуто бил објавен и на ФБ страницата на медиумот, а под него имало низа коментари на читатели со говор на омраза кон припадниците на оваа заедница. Членовите на Комисијата, во расправата по жалбата, потсетиле на ставот и на судската практика на Европскиот суд за човекови права во поглед на заштитата на правата на ЛГБТ лицата. Комисијата, со мнозинство

6 Извадок од одлука на Советот за етика во медиумите на Македонија, по повод поднесена жалба.

гласови, одлучила дека е прекршен член 10 од Кодексот на новинарите: „ Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...),“[7] а според член 20 од „Насоките за етичко известување во онлајн медиумите“: „Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.“[8]

## ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Новинарите и медиумите треба да се одговорни за точноста и за влијанието на вашето известување. Обезбедете можност за повратни информации и исправка на грешките.

***Пример:*** Често во медиумите се пласираат неточни или полувистинити информации. Ретки се случаите, медиумот или новинарот што ги објавил, самиот да ги констатира, демантира и да се извини, туку се чека закана со тужба или со судска одлука, па извинувањето и демантот да бидат објавени, но и тоа е само формално.

## ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Новинари и медиуми треба да се заложуваат за пристап до информации и за транспарентност во јавните работи. Тие треба да се бараат повеќе извори, прегледајте ги официјалните наративи и известувајте за прашања од јавен интерес.

***Пример:*** И покрај јавните декларирања, сè помала е транспарентноста на институциите за нивното работење и за чувствителни прашања. Во таква ситуација улогата на медиумите е особено важна при известување на јавноста за прашања од јавен интерес. Случајот со Клиниката за онкологија, кој беше обелоденет од новинари во септември 2023

7 Здружение на новинари на Македонија. „Кодекс на новинарите на Македонија”. 2001 година, достапен на: ***https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/***

8 Совет за етика во медиумите на Македонија. „Насоки за етичко известување во онлајн медиумите”. 2021 година, достапни на: ***https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite***

година, е пример како медиумите треба да известуваат за прашања од јавен интерес и како можат да придонесат кон поголема транспарентност на државните институции.

## ЕТИЧКА УПОТРЕБА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА

Новинари и медиуми треба да ја користат технологијата одговорно и етички во нивната работа, да ја почитуваат дигиталната приватност на поединците и да избегнуваат вознемирување преку употреба на Интернет.

***Пример:*** Технологијата се повеќе и повеќе станува дел од нашите секојдневни животи и може да ни послужи како многу корисна алатка и во личниот, но и во професионалниот живот. Во медиумската работа технологијата може да се користи за проверка на граматиката и на правописот на написите, за проверка на информации, како истражувачка алатка, за развој на вештини и способности, да се следат актуелните теми и проблеми во едно општество, да се искористи зголемениот пристап до изјави од прва рака и мислења кои граѓаните сами ги објавуваат на социјалните мрежи, и слично. Меѓутоа, технологијата мора да се користи одговорно и етички во новинарската работа, што значи дека треба да се почитува законот за заштита на личните податоци и да не се споделуваат кориснички имиња или слики од лични профили без согласност од лицата кои се објавени. Особено мора да се има предвид дали се употребуваат информации од отворени или од затворени профили и дали се работи за профили на јавни лица или на приватни индивидуи.

# 3.
# МАКЕДОНСКОТО НОВИНАРСТВО: СОСТОЈБИ, ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ

Во македонското новинарство и во медиумите, по ѕвездените години што ги имаа по осамостојувањето, во последните неколку години на дваесеттиот век - кога покрај двете големи медиумски куќи (МРТВ и НИП „Нова Македонија“), со нивните електронски и печатени медиуми од минатиот систем, како и петнаесетината локални медиуми, на јавната сцена се појавија десетици нови дневни весници и неделници, телевизии, радија, а подоцна и портали во приватна сопственост. Во три тогаш многу влијателни и квалитетни печатени медиуми со мнозински, а подоцна и со целосен сопственички пакет, влезе германскиот медиумски гигант ВАЦ, со што се подигнаа професионалните и финансиските стандарди во овие медиуми, а тоа, во исто време, стана поттик и за другите за стекнување искуства и за напредок. Македонија беше земја можеби со најмногу печатени и електронски медиуми, во соодноc со бројот на населението. Главните македонски медиуми беа редовно цитирани во регионалните, а често и во светските релевантни медиуми. Своевиден бум имаа и локалните медиуми и новинарство. Во сите поголеми локални заедници функционираа телевизии, радија, весници и портали. Речиси секој медиум на централно ниво имаше, во редовен или во хонорарен работен однос, постојан дописник, а некои имаа и дописништва.

Како што одминуваше времето, бескрајната транзиција продолжуваше, состојбите се менуваа кон полошо, а новинарството и медиумите паѓаа во секој поглед – професионално, кадровски, финансиски и уредувачки. Главниот проблем беше и сè уште е недостигот од финансии во оваа сфера, но многу позначајна е изиграната доверба кај јавноста.

На пример, порано сериозните класични медиуми беа извор на информации кои ги користеа помалите медиуми и портали. Сега е обратно, етаблираните и класични медиуми често ги користат, без да ги проверат, вестите (лажни или полувистинити) од портали и социјални медиуми. Како што пред некое време, користејќи информација од некој портал, дека, по којзнае кој пат, камион пропаднал во фонтаната на градскиот плоштад во Скопје, сериозни телевизии и медиуми, без да ја проверат, ја објавија таа вест како сензација. Откако набрзо се утврди дека станува збор за лажна вест, некои медиуми ја повлекоа веста, без да се извинат, а некои не го направија ни тој напор.

На новинарството и на медиумите во земјава им се случува еден апсурд кој треба да го објаснат нивните професионални асоцијации, но и науката. Имено, порано, додека нашава држава ги прележуваше детските болести на демократијата и последиците од транзицијата, кога имаше големи проблеми со слободата на изразување, медиумите имаа поголеми тиражи и гледаност, што значи дека имаше доверба. Сега пак, кога медиумските слободи и слободата на изразување се подобруваат, патем, последнава година земјава напредуваше за 19 места и речиси стана лидер во регионот во оваа сфера,[9] но имаме пад на професионалноста и довербата, што се огледа во малите проценти на гледаност на електронските и во тиражите на печатените медиуми. Веројатно дел за тоа се должи на злоупотребата на слободата, но и на разни лукративни интереси на сопствениците и уредниците. Имено, поголем дел од медиумите, во борбата за гледаност и за читаност, го спуштија нивото на својата професионалност и стандарди, а како последица, читателите престануваат да ги читаат и да ги гледаат тие медиуми. Така ќе биде сѐ додека не се сфати дека новинарството и медиумите мораат да внимаваат на својата дводимензионална општествена позиција: **тие имаат права и законска заштита, но имаат и обврски и законска одговорност.**

Во практика, релативно малку медиуми и новинари имаат сопствени авторски новинарски производи. Затоа пак изобилуваат со вести и информации кои не се докрај проверени, а некои се лажни или се сензационалистички пласирани (на пример, најава или наслов кои немаат покритие во текстот). По линија на најмал отпор или интерес се пренесуваат вести и информации, без никакви интервенции со иста содржина и пораки во повеќе медиуми, како да се нарачани и дистрибуирани од еден ист центар.

Од друга страна, здруженијата, професионалните асоцијации и синдикатите на новинарите и медиумите најчесто реагираат само на физички и вербални напади и тужби од новинари и медиуми, што е за поздравување, но не се толку агилни кога треба да реагираат на најпрофесионалната работа, на лажните вести, на полувистините и на нарушувањата на човековите права од страна на медиумите и новинарите. Особено затоа што новинарите во земјава имаат солидни решенија во Етичкиот кодекс воопшто, но и за релацијата новинари – човекови права. Овде мора да се каже дека функционира и Советот за етика во медиумите. Всушност,[10] медиумско-новинарската работа формално - правно, етички и институционално е добро покриена.

9 World Press Freedom Index, 2023, ***https://rsf.org/en/country/north-macedonia***

10 Совет за етика на медиумите во Македонија, ***https://www.semm.mk/***

Во Етичкиот кодекс[11] има неколку принципи и вредности кои директно или индиректно се однесуваат на човековите права:

- Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост;
- Начинот на информирање, во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки, мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда;
- Новинарот не смее да интервјуира или да фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или од старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби кои не се во состојба свесно да расудуваат;
- Новинарот нема свесно да создава, ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...);
- Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

За да се добие слика на состојбите на релација новинари – граѓански права може да послужи статистиката од Советот за етика во медиумите.[12] На пример, во 2020 година до Комисијата за жалби на Советот стигнале 140 жалби.[13] Најмногу жалби - 127, биле поднесени за онлајн медиуми, за телевизии биле поднесени 9, за весници/неделници - 2 и по една жалба за радио и за новинска агенција. Најголем број поднесувачи на жалби се граѓани – 42%, медиуми/новинари – 29,3%, политичари, функционери, институции – 19,2% и организации и граѓански здруженија – 9,2%. Кодексот најмногу бил кршен со објавување неточни и непроверени информации - 67% од жалбите, неправењето разлика меѓу факт и мислење, меѓу вест и коментар – 19,2%, пристрасно и неизбалансирано известување од политички процеси и избори – 10,1%, непочитување на приватноста и на личноста – 7,3%, необјавување исправка, демант или одговор кога е утврдена неточност во објавена информација – 7,3%, сензационализам при информирање од несреќи, непогоди, војни, болести, судски постапки – 7,3%, говор на омраза, поттикнување насилство,

11 Supra note 6.

12 Совет за етика во медиумите на Македонија. Статистички информации – од формирањето на Комисијата за жалби до денес), достапни на: ***https://complaints.semm.mk/***

13 Информации добиени од Советот на етика во медиумите на Македонија.

дискриминација – 5,5%, отсуство на култура на говор, етика и непримерна комуникација со јавноста - 3,6%.

На крај се наметнува логичното прашање: Зошто толку се насочува вниманието кон новинарството и медиумите и врз нивниот однос кон човековите права? Одговорот е: Затоа што, а тоа го покажуваат и наведените статистики и примери: широчината и опфатот на медиумската работа и одговорност, не само што се на првата линија на контактот меѓу личното/човековото и општото/општественото, меѓу правата и обврските, туку и затоа што овој контакт е секогаш на работ меѓу несвесното/од незнаење или свесното/намерно - да се повреди некое човеково право, особено што едно од најтемелните и најуниверзални човекови права е човекот да ја дознае вистината (вистинската и точна информација за темата која се третира во медиумите) – зашто ако му се пласира лажна или полувистинита информација, грубо му се крши правото да добие вистинска информација за да може да знае како да се однесува и како да постапува во одредена ситуација.

# 4.

# ВЛИЈАНИЕ И РЕЛЕВАНТНОСТ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Кога зборуваме за медиумско известување, најважно е она што го соопштуваат, односно дали истото е точно, навремено и професионално сработено. Новинарството е професија во која постојано се појавуваат дилеми – како да се постапи, дали да се постапи според емоција, па и заради некој личен интерес кон проблемот што се третира или да се даде приоритет на поширокиот општествен интерес, односно на фактите и вистината.

Веднаш треба да се каже дека нема некои посебни рецепти за пристап кон медиумската работа. Меѓутоа, некои максими треба да се испочитуваат. Основно е, за сè што се работи, значи за сè што се пишува, информира или истражува, прво треба сериозно да се размисли, да се направи концепт на приоритети и за дејствување и да се постават вистинските прашања. Втората размисла води кон уште едно значајно прашање: Дали со неприкосновеното право на слободно изразување, во масовен медиум, нема да се повреди некое право на друг човек?

Значи, вниманието треба да се сврти кон правилото број еден во новинарството, но воопшто и во секојдневниот живот: **Верувај, но и проверувај!** Значи, да се провери информацијата преку релевантен извор, да се потврди барем уште од еден извор и лично да се отиде на местото на настанот. Посебен акцент треба да се стави на јазикот на пишување и на обраќање, истиот да биде јасен, едноставен и разбирлив за оние на кои им се обраќа новинарот, без непотребни фрази и пораки „меѓу редови“, за да може информацијата да ја изврши својата функција. Текстот треба да биде избалансиран, но не неутрален, што значи одење по линија на најмал отпор, а ставот да се стреми кон поширокиот општествен интерес. Она за што се информира треба да биде ослободено од емоции, од лични, политички, финансиски интереси и други интереси, да нема некултурен говор и говор на омраза и, што е најважно, да биде новинарски професионално обработено, без примеси на комплекс од помала вредност, автоцензура и во последно време се поприсутната култура на страв.

И уште еден круцијален фактор којшто е карактеристичен не само во македонски услови - ставање одржлива и толерантна граница меѓу интересот на сопствениците на медиумите, уредниците и меѓу профе-

сионализмот, етиката и достоинството на новинарите. Ова значи да не се брани достоинството само од власта, како што е сега случај и што е за пофалба, бидејќи дава резултати, туку и од сите други странични фактори – бизнисмени, политичари, локални моќници и од општиот менталитет, а на крај и од сопствениците и уредниците на медиумот, ако имаат незаконски барања или барања што не се компатибилни со поширокиот општествен интерес.

Без оглед дали станува збор за целата земја или за локални средини, имајќи го предвид мешаниот карактер по многу основи, треба да се посочат некои стереотипи, предрасуди, специфични состојби и релации со кои новинарите и медиумите се судираат во секојдневната работа и на кои треба да посветат посебно внимание. Стереотипите се присутни во неколку поголеми специфични групации, ранливи категории, на кои, поради тоа им се загрозени основните човекови права, како на пример на Ромите, бегалците, припадниците на ЛГБТ заедницата, самохраните мајки, децата воопшто, лицата со посебни потреби и лицата во социјален ризик. Посебно се изразени некои стереотипи кои, со нивното често употребување, не само што го загрозуваат одржливиот меѓунационален соживот и традиционално релативно добрите меѓунационални односи, туку провоцираат контранационализам и навреди. Затоа, новинарите треба да бидат внимателни кон постапките на екстремистичките групи и да не ги поддржуваат или толерираат нивниот говор на омраза или повикување на насилство. Посебно треба да се внимава на меѓусебните стереотипи и навредливи обраќања од типот „клети шиптари“, „клети каури“, „цигани“, „педери”, „лезбејки“, „курви“, палење и сквернавење на државното знаме, итн. Вакви стереотипи се косат со современите трендови на максимален развој и почитување на човековите права, родовата рамноправност и на демократијата. Во тој поглед овој Водич може да претставува корисна и консултативна алатка и четиво, особено околу примената на пристапот заснован на човековите права во работата на медиумите.

Секогаш треба да се внимава на човековите, но и на сите други права, обележја и традиции на другите и на поинаквите, особено на фактот тие да сеословуваат онака како што тие самите сакаат. Водилка на новинарите и на медиумите секогаш треба да им биде дека сите луѓе се еднакви, па затоа треба да се почитуваат нивните основни, но и специфични права, пропишани од валидни светски институции, без оглед дали новинарите, лично, од кои било причини и да не се согласуваат со истите. Новинарите и медиумите, покрај својата професионална одговорност кон изречениот збор, ја имаат благородната функција да создаваат амбиент и култура во општеството и кај граѓаните за почитување на човековите права – значи на правата на сите и од сите, преку пристап заснован на човекови права.

# 5.

# ПРИМЕРИ ЗА КРШЕЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА КАЈ НАС

Водичот за примена на пристапот заснован на човековите права во работата на медиумите, концептуално, се базира на неколку максими содржани во повеќе документи кои се на ниво на ООН и особено на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП). Според Конвенцијата, секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Остварувањето на овие слободи вклучува и обврски и одговорности. Уживањето на правата и слободите треба да се овозможи без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, политичко или кое било друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг општествен статус.

Водејќи се според призмата на овие критериуми, стандарди и вредности, низ неколку еклатантни примери ќе се посочи на масовното прекршување на основните човекови права во земјава последниве неколку декади, во кои активно учество имаа дел од формално релевантните македонски медиуми со национални концесии – што значи електронските, а кои се дистрибуираат низ цела територија на Република Северна Македонија – односно печатените медиуми.

Доволно е како илустрација да се набележат: масовното прислушување, лустрацијата, бегалската криза, законите за абортус, матичните книги, родовата еднаквост, лажните информации за пандемијата и за вакцините, енергетската и инфлаторната криза и ширењето на евроскептицизмот, при што најмногу се прекршуваше правото на граѓаните да ја добијат вистинската, а не филуваната или лажната информација од медиумите, но и институцијата презумпција на невиност.

Презумпцијата на невиност е еден од основните постулати на Уставот,[14] односно човекот што е осомничен или обвинет е невин додека низ судска постапка не се докаже дека е виновен. Во нашава земја, во истиот момент штом ќе се објави соопштение од полицијата, од обвинителството, од истражен судија или од Државната комисија за спречување корупција, наместо со иницијали, со покриено лице, како што

14 Член 13, Устав на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ 52/1991; 1/1992; 1/1992; 31/1998; 31/1998; 91/2001; 91/2001; 84/2003; 84/2003; 107/2005; 107/2005; 3/2009; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 49/2011; 6/2019; 6/2019)

е со закон определено, дел од медиумите, ако не и сите, го објавуваат целото име и презиме на лицето кое е приведено, осомничено или обвинето, му го снимаат ликот, а со тоа се крши уставното право на презумпција на невиност.

Во земјава, во еден релативно подолг период, се случија, во два наврата, масовни прислушувања, а со тоа и масовна повреда на основните човекови права и слободи. Во првиот случај, „Големото уво", во кое беа прислушувани десетици новинари, политичари и граѓани, а во вториот, за што поведе постапка Специјалното јавно обвинителство, беа прислушувани околу 25.000 граѓани. Новинарите и медиумите, за овие случувања, известуваа, за жал, необјективно и непрофесионално, според нивната политичка ориентација. Некои темелно ги анализираа и критикуваа овие масовни прекршувања на основните човекови права, а некои ги релативизираа, обидувајќи се да ги забошотат.

Масовно прекршувања на човекови права се случи и со процесот на лустрација. Во времето на работата на Комисијата за верификација на фактите биле проверени повеќе од 30.000 лица, кои на некој начин беа неправедно жигосани. Од тие големи бројки на проверени изјави на лица, беа отворени само 203 случаи. Како соработници од Комисијата беа констатирани околу 180, од кои повеќето од половина беа починати, што е законски и морално недозволиво. Иако и во овој случај требаше да се почитува презумпцијата на невиност, веднаш по соопштувањето на одлуките на Комисијата за лустрација, со иницијали, во речиси сите медиуми се објавуваа имињата и презимињата на лустрираните, дури и пред овие лица официјално да бидат информирани дека се лустрирани.

За време на бегалската криза се ширеа вести дека десетици и стотици илјади бегалци од воените жаришта на Блискиот Исток ќе останат засекогаш во Македонија, дека земјава ќе се исламизира и дека бегалците ќе им ги земат работните места на Македонците. Иако се укажуваше на тоа дека Македонија е само транзитна земја, некои медиуми ширеа лажни вести дека ќе се наруши етничко-конфесионалната структура на земјава. Времето покажа дека тоа било само пропаганда во корист на одредени политички цели.

Поголем дел од македонските медиуми, и тоа многу влијателни на македонската медиумска сцена, го пропагираа антиваксерството, иако е ненаучна теза, со експонирање на противници на вакцинацијата, па во земјава имаше голем процент починати за време на пандемијата на Ковид 19, а со потребните дози вакцини не беше вакцинирано ни половина од населението. За време на енергетската криза, по воената инвазија на Русија врз независна Украина, дел од медиумите секојдневно промовираа наводни експерти кои кај граѓаните создаваа страв дека ќе нема струја, ќе има големи рестрикции, ќе се смрзнува во становите, што создаваше страв кај граѓаните. Но, се покажа дека тоа беа само лажни вести за политички поени, бидејќи во земјава немаше ниту

еден ден со рестрикции на струја. Овој енергенс се произведуваше од домашни капацитети и со пониски цени за граѓаните.

Лажните вести, медицински изразено, станаа хронична болест во сите општества, а најголеми последици им создаваат на општества какво што е нашево – екстремно поделени, со недоволно развиена демократија и институции, во кои корупцијата и криминалот ги диктираат процесите, при што најмногу страдаат човековите права, а поголем дел од медиумите, свесно или несвесно, се активно вклучени во нив.

# 6.

# ПАТОКАЗИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НОВИНАРИТЕ ВООПШТО, КАКО И ВО КОНТЕКСТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Примената на пристап заснован на човекови права гарантира дека медиумското известување ги почитува и ги штити основните права на поединците, го промовира правото на слобода на изразување, пристапот до информации, приватноста и недискриминацијата. При известувањето, новинарите и медиумите воопшто, треба да се придржуваат кон овие принципи, да придонесуваат кон заштита на човековите права, кон промовирање на социјалната правда и кон заштитата на маргинализираните групи граѓани. **Истовремено, цел на Водичов е да ја акцентира потребата од одговорност и етичност на новинарите во известувањето, со цел обликување информирано јавно мислење.**

Овој Водич, преку практични примери, ги презентира минатите и актуелни состојби во новинарството, во однос на известување за конкретни теми и дава насоки како новинарите треба да го инкорпорираат пристапот заснован на човековите права во секојдневното работење.

Кога се опсервира темата за пристапот заснован на човековите права во медиумите треба да се посочат две важни работи. Првата, дека новинарите и медиумите први се среќаваат со светските и со локалните процеси и случувања и затоа треба да бидат професионални и одговорни, бидејќи од тоа како тие ќе ги сфатат и проследат, зависи како јавноста ќе ги прими и осознае. Втората, дека речиси сè што третираат медиумите, на некој начин, директно или индиректно, допира некое човеково право, па затоа новинарите во својата работа треба да се раководат од принципите на вистина, слобода, достоинство, еднаквост, правда, лична, професионална и општествена одговорност. Во овој контекст, основен постулат во пристапот и во новинарската работа треба да биде: На граѓаните да им се каже вистината. Тоа, иако не е таксативно регулирано од релевантни асоцијации што се занимаваат со човекови права - може да се рангира како едно од основните човекови права: да се дознае вистинската информација. И, секако, во пристапот заснован на човекови права за медиумските работници не треба да се заборави максимата на мудрите и искусни луѓе, не само новинари: Верувај, но и проверувај!

Дополнително, новинарите треба да ги имаат предвид и следниве постулати:

- Новинарите и медиумите претставуваат врзивно ткиво меѓу настаните и јавноста, односно и го пренесуваат на јавноста сето она што се случува во светот и кај нас (информираат, истражуваат, објаснуваат, коментираат, анализираат, интервјуираат).

- Сè она што е актуелно во светот и локално прво минува низ медиумската машинерија, пред да биде пласирано во јавноста.

- Во актуелниов момент, на глобално и на локално ниво, најголема опасност за медиумите, новинарите и граѓаните се лажните вести зад кои стојат криминални политички, бизнис и безбедносни интереси, а кои најголеми штети им нанесуваат на поединци и на нивните основни човекови права.

- Довербата кај јавноста од страна на медиумот/новинарот се стекнува со професионалност, а не со сензационалност, бидејќи сензационалноста е феномен кој кратко трае, брзо се заборава, но со себе носи негативни последици, не само за јавноста во глобала, не само за поединците, туку, во краен случај, и за самите медиуми/новинари.

- Во едно екстремно поделено општество, какво што е македонското, сè што работат и пишуваат новинарите и медиумите се следи на различни начини – за едни е прифатливо, за други не е прифатливо. Затоа новинарите и медиумите, доколку сакаат да бидат сериозен и доверлив фактор на медиумската сцена, мора да балансираат, да бидат реални, а водилка да им биде вистината, поширокиот општествен интерес, но и конкретниот интерес и човечките права на секој поединец.

- Дел од медиумите, во борбата за гледаност и читаност, го спуштија нивото на својата професионалност и ги напуштија етичките стандарди, а како последица граѓаните престануваат да ги читаат и да ги гледаат. Така ќе биде се додека не се сфати дека новинарството и медиумите мораат да внимаваат на својата дводимензионална општествена функција: имаат права и законска заштита, но имаат и обврски и законска одговорност, посебно кога станува збор за заштитата на човековите права.

- Во македонските медиуми, во последно време, повеќе од видлив е недостатокот од професионални стандарди, политичка, етичка, но и лична култура и еднаков третман на соговорниците. Се толерираат секакви, па и најригидни ставови, без никакво оградување и дистанца и се пренесуваат вести и информации без никакви интервенции во текстот, со иста содржина и пораки во повеќе медиуми, како да се нарачани, напишани и дистрибуирани од еден центар. Оваа шема е корумптивна и ја урива довербата во медиумите и во новинарите.

- Слободата воопшто, и слободата на изразувањето, треба да се изборат и да се заштитуваат пред сè од самите новинари. Колку ќе бидат слободни новинарите не зависи само од тоа колку тие самите ќе си освојат слобода од власта, туку и колку ќе освојат слобода од своите медиумски сопственици и од нивните политички и бизнис спреги.

- Новинарите треба да работат според професионалните стандарди и етика, особено ако станува збор за човековите права, а не според емоции, субјективност и политички цели.

- Новинарите/медиумите треба да се борат за своето достоинство, како што тоа го прават некои нивни професионални асоцијации, но секогаш треба да имаат предвид дека достоинството е емоционална категорија, која секој различно ја сфаќа и ја толкува. Вистинската теза за која треба да се борат е: професионализам и етика во работата. А тоа, за разлика од достоинството, никој не може да им го одземе, ниту да им го забрани.

- Северна Македонија е земја во која постојат многу различности кои новинарите имаат обврска да ги почитуваат при нивното известување. Новинарите треба да бидат внимателни кога известуваат и/или подготвуваат прилози на теми во чиј фокус се различностите, со цел да избегнуваат промовирање стереотипи и предрасуди, особено кон ранливи и маргинализирани групи на граѓани.

- Во контекст на меѓунационалните и меѓуконфесионалните релации, но и кога се пишува, односно кога се обработуваат теми од сензитивни општествени сфери, корисно е да се консултира поискусен новинар, уредник, па и адвокат, не поради страв, туку поради професионалниот однос и тежината на изречениот став/збор. Ако некој се прашува зошто е потребен ваков однос, одговорот е: бидејќи, лесно може да се случи, новинарите/медиумите, од најголеми бранители, да ја изиграат улогата на најголеми прекршители на човековите права.

- Некогаш границата меѓу поширокиот интерес на јавноста да знае и прекршувањето на некое човеково право може да биде премногу мала, речиси невидлива. Затоа новинарот, или медиумот, пред нешто да се напише, соопшти или објави, треба сериозно да размисли или да направи консултации со луѓе кои се поупатени во предметната тематика.

- Колку што за новинарството е страшна и опасна цензурата од власта, исто толку опасна за новинарите, но и за граѓаните и за општеството како консумент - е самоцензурата, како лично волев чекор. Со самоцензурата се нанесуваат огромни штети како на вистинската информација, така и на новинарството како професија, но воедно се инаугурира и културата на страв.

Новинарите и медиумите имаат дводимензионална функција и одговорност. Правата на новинарите/медиумите се заштитени со Устав и закон, но тие имаат и уставна и законска одговорност ако го злоупотребат она што како производ го пласираат во јавноста.

Медиумите и новинарите не треба да подлегнуваат на стереотипи кога обработуваат теми околу човековите права на маргинализираните групи. Најголем проблем се јавува кога само се нафрлаат неподкрепени тези, без да се елаборираат, како што беше примерот со Законот за родова еднаквост и за матичните книги. Околу овој проблем имаше многу контроверзи. Во нивна основа беше тезата дека со Законот за родова еднаквост, за кој некои медиуми известуваа дека веќе бил во собраниска процедура - што беше лажна вест, ќе се воведе некаков тоталитаризам, ќе се укине бракот како традиционална институција, ќе се распадне семејството и ќе се злоупотребат децата. Можеби со ваквите формулации нема директен говор на омраза и дискриминација, но тие предизвикуваат страв, паника, агресија, омраза и слично кај граѓаните. Ваквиот навидум бениген, но крајно подбуцнувачки пристап упатува на потребата на заострување на уредувачките политики во медиумите, со цел препознавање на скриениот говор на омраза, решително отфрлање на ваквите информации, што може да се обезбеди само со пристап и култура засновани на човековите права.

Примери за илустрација на кршење или заобиколување на човековите права во македонските медиуми има многу. Во Република Северна Македонија развојот на општеството, демократијата и државата треба да го следи процес на развој на културата за почитување на човековите права, генерално во општеството и меѓу граѓаните, но конкретно и во медиумите кои претставуваат трансмисија меѓу случувањата и јавноста. Оваа сфера, слично како и екологијата, односно живеењето во здрава околина, како едно од најзначајните човекови права, беа запоставени во годините по осамостојувањето. Медиумите и новинарите ја имаат обврската тој недостиг да го надополнат со инаугурирање култура на почитување на човековите права во својата работа, односно со примена на пристап заснован на човекови права, не само како светски тренд, туку и како демократски чин, но и како еден од условите за влез во Европската Унија.

За да се оствари приоритетот – заштита на човековите права, треба да се променат наративот, пристапот и волјата на медиумските сопственици, уредници и новинари. Сензациите носат гледаност, читаност, лајкови и слично, а заштитата на човековите права не нуди такви бенефити и профитабилност. Во медиумите треба да почне темелно да се обликува и да се гради култура и пристап заснован на човековите права. За ова ќе биде потребно, прво, волја кај самите новинари и медиуми, второ, обуки, особено за помладите новинари, но и посебен

предмет на факултетите за новинарство. Култура за вака сензитивна сфера тешко се создава, особено во традиционално конзервативни општества. Таа може да се гради само со здружени сили на новинарите, медиумите, невладините организации кои се занимаваат со оваа сфера, факултетите, институциите и со неопходна политичка волја на власта и на опозицијата.

Иако е непопуларно, треба да се почитува правилото: **секое право со себе носи и одговорност.** Не може новинарите само да го користат правото на слободно изразување, без да одговараат ако го злоупотребат тоа свое право и ако го прекршат правото на некој друг. Законите треба да бидат еднакви за сите, не само за оние кои им го повредуваат или ограничуваат правото на новинарите за слободно изразување, туку и за новинарите кои повредуваат нечие право или достоинство со мултиплицираната моќ на медиумите.

ihr.org.mk

ihr.org.mk